Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. 02-903/2
09-10-2024 20 год. / viti

# П Р О Ц Е Д У Р А
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ГЕНЕРИЧКИ ОБУКИ ЗА ИНСПЕКТОРИ

ОКТОМВРИ, 2024 година

# СОДЖИНА

I ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ПРОЦЕДУРАТА ........ 3
1.1 ПРЕДМЕТ НА ПРОЦЕДУРАТА........ 3
1.2 ЦЕЛ НА ПРОЦЕДУРАТА........ 3
II ОПИС НА ПРОЦЕДУРАТА ........ 3
III ПРИЧИНИ ЗА ПРЕДВИДЕНИТЕ ОБУКИ ........ 5
IV ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПРИМЕНАТА НА ПРОЦЕДУРАТА........ 6
V ПОСТАПУВАЊЕ НА ОДГОВОРНО ЛИЦЕ........ 6
VI ПРАВНО ДЕЈСТВО И СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА НА ПРОЦЕДУРАТА........ 6

I ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ПРОЦЕДУРАТА

## 1.1 ПРЕДМЕТ НА ПРОЦЕДУРАТА

Со оваа Процедура се уредуваат начинот, постапката и времетраењето при спроведувањето на генеричките обуки за инспекторите.

## 1.2 ЦЕЛ НА ПРОЦЕДУРАТА

Главната цел на оваа Процедура за генерички обуки на инспекторите е да се утврди начинот на спроведувањето на генеричките обуки на инспекторите преку реализација на обуки со области и теми а преку која се врши надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите, во функција на постигнување на високи перформанси и нивен понатамошен професионален развој.

II ОПИС НА ПРОЦЕДУРАТА

## II.1.1 НАЧИН, ПОСТАПКА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ГЕНЕРИЧКА ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ

### II.1.2 Начин на спроведување на генерички обуки

Инспекцискиот совет согласно член 49 став 3 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ 102/19) донесува Годишна програма за генерички обуки на инспекторите најдоцна до 30 јуни во тековната година за наредната година која се објавува и е достапна на веб страната на Советот .

По донесувањето на годишната програма , Советот доставува циркуларен допис до инспекциските служби дека е донесена Годишната програма и на кој линк истата може да биде превземена.

Годишната програма ќе се реализира со користење на електронска платформа за учење, која овозможува два начини за on-line учење: 1) во „живо" и/или 2) преку самостојно учење.
Оценувањето на успешноста во следењето на обуката ќе се обезбедува со завршни тестови, а за успешно завршена обука ќе се смета доколку инспекторот точно одговори на најмалку две третини од поставените прашања.
Оценувањето на успешноста во следењето на обуката ќе се обезбедува со завршни квизови, а за успешно завршена обука ќе се смета доколку инспекторот точно одговори на најмалку две третини од поставените прашања во квизот.
По завршувањето на секоја тема предвидена во Годишната програма за генерички обуки, LMS системот ќе изгенерира сертификат како доказ за успешно завршена тема.
Секоја Тема од Годишната програма ќе биде детално разработена со План за обука, кој ќе содржи:

-Назив на темата и вкупен број на часови
-Конкретни цели на темата
-Дидактички забелешки
-Методи на обучување и активности за учење

-Активности на инспекторот
-Активности на обучувачот

### II.1.2 Постапка на спроведување на генерички обуки

Согласно член 18 став 1 точка 16 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19), Инспекцискиот совет донесува и спроведува годишна програма за генеричка обука на инспекторите во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа.

Најдоцна до 30 ноември во тековната година, директорот односно раководителот на инспекциската служба треба да донесе Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор во наредната година.

Во Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор, за секој еден инспектор од инспекциската служба треба да се предвидат по најмалку три генерички обуки од Годишната програма за генерички обуки на инспекторите и соодветен број на специјализирани обуки на инспекторите од Годишната програма за специјализирана обука на инспекторите, согласно предвидениот буџет на инспекциската служба за нивното финансирање.
Доколку се утврди потреба обуките кои ќе бидат организирани преку електронската виртуелна платформа во „живо", ќе бидат организирани во групи од максимум 150 инспектори, а при самостојно учење нема ограничување на бројот на учесници.

Обуките ќе бидат организирани преку ЛМС платформата за учење на Инспекцискиот совет. Генеричките обуки може да се најдат на следниот линк: https://lms.is.gov.mk, додека Упатства за користење на ЛМС системот може да се најде на следниот линк: https://is.gov.mk/lms .

Двата начини ќе бидат комбинирано употребени за реализација на секоја од темите предвидени во Програмата.

Доколку бројот на заинтересирани инспектори за одредена тема е поголем од 100, тогаш останатите инспектори ќе имаат можност, во предвидените термини, самостојно да ја завршат обуката. Заради рамноправен пристап до обуките на сите инспекциски служби, во овој случај врз основа на пропорционалност ќе се определи бројот на инспектори од секоја служба, кои ќе можат да ја следат обуката во „живо". Од нив ќе се очекува преку дополнителна дисеминација, да ги споделат знаењата со колегите кои обуката ја следеле преку самостојно учење.

До Инспекцискиот совет од страна на инспекциските служби најдоцна до 30 ноември преку архива и во електронска форма се доставува Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор, заради евиденција и планирање при спроведување на генеричките обуки.

Врз основа на доставените Годишни планови за индивидуално стручно усовршување, се изготвува Информација која се разгледува и усвојува на седница на Инспекцискиот Совет за реализирани генерички обуки на инспекторите врз основа на добиените податоци од ЛМС платформата за електронско следење на обуки со осврт на доставените Годишни планови за индивудуално стручно усовршување и обука на секој инспектор според вкупниот број на пријавени инспектори каде се предвидува колку сертификати за реализирани обуки треба да генерира електронскиот систем.

### II.1.3 Времетраење на обуката

Од страна на Советот на почетокот од тековната година по електронски пат се доставува циркуларен допис до инспекциските служби дека на платформата за електронско учење достапни се генеричките обуки од Годишната програма за генерички обуки, донесена од страна на Инспекцискиот совет каде се внесени инспекторите од инспекциските служби , и истите ќе бидат отворени до крајот на тековната година, со напомена дека е потребно од страна на инспекторите од секоја инспекциска служба да реализираат минимум три генерички обуки кои ги избрале и се предвидени во Годишенниот план за стручно оспособување и усовршување на секој инспектор .

Вкупното времетраење за спроведување на Годишната обука се проценува на 160 работни денови односно 960 часови, при што еден ден обука ќе содржи 6 часови, а еден час е во времетраење од 45 минути. Часовите ќе бидат организирани како „блок" од два споени во вкупно времетраење од 90 минути, со пауза од 30 минути помеѓу два.

Обуките за кои ќе се укаже евентуална потреба кои ќе бидат организирани on-line во „живо", заради специфичноста на изведување на ваков тип обука, ќе се спроведуваат во две сесии со вкупно времетраење од 120-135 минути, односно по три училишни часа во еден работен ден, согласно зададен временски распоред.

Времетраењето на обуките кои ќе бидат организирани електронски преку самостојно учење, ќе зависи од индивидуалното темпо на секој учесник. Кај ваквиот начин на обуки ќе биде определено само почетното и крајното време, односно периодот во кој таквата обука ќе биде достапна на електронската платформа.

## III ПРИЧИНИ ЗА ПРЕДВИДЕНИТЕ ОБУКИ

Со Законот за инспекциски надзор е утврдено дека Инспекцискиот совет ќе „воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби....", а последователно ќе „донесува Годишна програма за генерички обуки на инспекторите".

Главната причина за обучување на инспекторите е потребата од зајакнување на капацитетите на државната администрација за доследно спроведување на законските прописи во Република Северна Македонија, како еден од клучните предуслови во евроинтегративните процеси на државата.

Предвидените области и теми за обука на инспекторите се резултат на Анализата на потребите за генерални обуки, со која се идентификувани најрелевантните и потребни теми за обука, но и најефикасните методи за спроведување на обуката за инспекциските служби.

## IV ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПРИМЕНАТА НА ПРОЦЕДУРАТА

- **Претседател на Инспекциски совет** – одговорност и овластувања во целокупната процедура;
- **Членови на Инспекциски совет** - одговорност и овластувања во целокупната процедура
- **Генерален секретар на Инспекциски совет** - одговорност и овластувања во целокупната процедура и следење на постапувањето по истата
- **Одговорно лице - Раководител на одделение за ИКТ поддршка** – одговорност за следење на целокупната процедура и техничка поддршка како и соработка со одговорното лице од Секторот/одделението за обуки
- **Одговорно лице - Советник за следење и оценување на обуки** - одговорност за следење на целокупната процедура и соработка со одговорното лице од Секторот/одделението за ИКТ поддршка

## V ПОСТАПУВАЊЕ НА ОДГОВОРНО ЛИЦЕ

Одговорни лица во следењето на постапката на спроведување на генеричките обуки се лица вработени во Инспекцискиот совет од Секторот/ Одделението за ИКТ, како и од Секторот/ Одделението за спроведување на обуки. Имајќи предвид дека по завршувањето на секоја тема предвидена во Годишната програма за генерички обуки, LMS системот автоматски генерира сертификат како доказ за успешно завршена тема, одговорните лица од Секторот/Одделението за ИКТ, како и од Секторот/Одделението за спроведување на обуки меѓусебно соработуваат во смисла на евентуална потреба од техничка и стручна поддршка за времетраењето на генеричките обуки.

## VI ПРАВНО ДЕЈСТВО И СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА НА ПРОЦЕДУРАТА

Оваа Процедура стапува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето, а истата ќе биде јавно достапна и на веб страницата на Инспекцискиот совет.

Даниела Рендевска
Претседател на Инспекциски совет

Подготвил: Анета Бејатовиќ, советник за следење и оценување на обуки
Контролирал: Емил Димоски, раководител на одделение
Одобрил: Сашо Мержаноски, Генерален секретар